РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број / Numer: 01-4241/1

01.10.2025 година / viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 15 став 1 алинеја 8 и член 41 став 1 алинеја 9 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година, а во врска со член 23 и 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/25) и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-4056/6 од 24.09.2025 година, се изготви Пречистен текст на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка.

Пречистениот текст на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, ги опфаќа: Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, Упатството, бр.01-6038/1 од 20.10.2015 година за дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Упатството, бр.01-3976/1 од 27.10.2022 година за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Упатството, бр.01-4093/1 од 24.9.2025 година за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка.

# УПАТСТВО
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА
**(Пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова Упатство се определуваат роковите во кои издавачот на медиум (печатен медиум, радиодифузер и онлајн медиум – интернет портал), давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, операторот на дигитален терестријален мултиплекс и давателот на услуга платформа за споделување видеа се должни да го извршат решението за изрекување мерка јавна опомена и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис, издадено од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Со решението за преземање мерка – опомена и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис, на субјектите наведени во точка 1 од ова Упатство, им се наложува, од денот на приемот на решението, во определениот рок да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

## II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА

### *Издавачи на печатен медиум и на онлајн медиум – интернет портал*

3. Издавачите на печатен медиум и на онлајн медиум – интернет портал се должни да го усогласат своето работење со Законот за медиуми и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата во следните рокови од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена:
   - веднаш по приемот на решението за преземање мерка – опомена, за непочитување на член 6 од Законот за медиуми (заштита на малолетни лица);
   - во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена, за непочитување на член 8 (одговорен уредник) и на член 14 (импресум) од Законот за медиуми; и
   - во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена, за непочитување на член 15 (јавност во работата) од Законот за медиуми.

### *Радиодифузер*

4. Радиодифузерот е должен веднаш по приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со:
   - член 26 ставови 1, 2, 3 и 5 (социјална инклузија и медиумска писменост),
   - член 48 (посебни забрани),
   - член 49 (обврски за кинематографски дела),
   - член 50 став 1 (порнографија и прекумерно насилство),
   - член 50-а (заштита на лични податоци на малолетници),
   - член 53 (правила за комерцијални комуникации),
   - член 62 (емитување без дозвола и надвор од подрачје) и
   - член 94 (игри на среќа)

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

5. Радиодифузерот е должен во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со:
   - член 33 (услови за вршење стручен надзор),
   - член 64 (јазик на емитување),
   - член 87 (настани со ексклузивни права за емитување),
   - член 89 (право на кратко известување),
   - член 95 (поврзување во единствен систем),
   - член 97 (идентификација на радиодифузер),
   - член 98 (услови за рекламирање и телешопинг),
   - член 99 (начин на рекламирање),
   - член 100 (лимити за рекламирање кај комерцијални медиуми) и
   - член 101 (забрана за учество на презентери во реклами)

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

6. Радиодифузерот е должен во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со:

- член 47 (дневна евиденција и снимање на излезниот сигнал),
- член 50 став 3 (заштита на малолетници),
- член 51 (информации за корисниците),
- член 52 (програми со наградно учествување),
- член 54 (спонзорство),
- член 55 (пласирање производи),
- член 67 (програмски концепт),
- член 77 (договор за емитување),
- член 90 (дневно емитување),
- член 92 ставови 1, 2 и 3 (македонски аудиовизуелни дела),
- член 92 став 4 (обврска за емитување музика кај радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис),
- член 80 ставови 7, 8 и 9 (обврска на ТРД радио програмски сервиси за емитување на доброволно пријавената музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници), и
- член 93 (телефонски услуги со додадена вредност)

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

7. Радиодифузерот е должен во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - опомена да го усогласи своето работење со член 8 (одговорен уредник) и член 14 (импресум) од Законот за медиуми и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата, а во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - опомена да го усогласи своето работење со член 15 (јавност во работата) од Законот за медиуми и подзаконските акти.

***Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа***

8. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа е должен веднаш по приемот на решението за преземање мерка – опомена и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис да го усогласи своето работење со:

- член 50 став 5 (реемитување порнографија во кодиран облик),
- член 64 став 2 (титлување),
- член 141 (реемитување на нерегистрирани програмски сервиси),
- член 142 став 3 (најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход),
- член 143 (реемитување на програмски сервиси надвор од сервисната зона и задолжително и бесплатно реемитување на сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис) и
- член 144 став 1 (интерен телевизиски канал)

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

9. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа е должен во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со член 144 став 3 (испорачување на излезниот сигнал до соодветната локација за прибирање сигнали) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

10. Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со член 77 став 6 (договор за емитување) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

***Оператор на дигитален терестријален мултиплекс***

11. Операторот на дигитален терестријален мултиплекс е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со член 77 став 5 (договор за емитување) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

***Давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање***

12. Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е должен веднаш по приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со:

- член 26 ставови ставови 1, 2, 3 и 5 (социјална инклузија и медиумска писменост),
- член 48 (посебни забрани),
- член 49 (обврски за кинематографски дела),
- член 50 став 1 (порнографија и прекумерно насилство),
- член 50-а (заштита на лични податоци на малолетници),
- член 53 (правила за комерцијални комуникации),
- член 56 (обезбедување услуги по барање) и
- член 142 став 3 (најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход),

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

13. Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е должен во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена да го усогласи своето работење со:

- член 47 (чување на програмите кои биле составен дел од каталогот),
- член 50 став 3 (заштита на малолетници),
- член 51 (информации за корисниците),
- член 52 (програми со наградно учествување),
- член 54 (спонзорство),
- член 55 (пласирање производи),
- член 60 (европски аудиовизуелни дела) и
- член 144 став 3 (испорачување на излезниот сигнал до соодветната локација за прибирање сигнали)

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

*Давател на услуга платформа за споделување видеа*

13-а. Давателот на услуга платформа за споделување видеа е должен веднаш од денот на приемот на решението за преземање мерка - опомена да го усогласи своето работење со:

- член 144-е став 3 (најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход) и
- член 144-е став 4 (да го плати годишниот надоместок за надзор на сметка на Агенцијата најдоцна до 15 април во тековната година),

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

13-б. Давателот на услуга платформа за споделување видеа е должен во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - опомена да го усогласи своето работење со:

- член 144-б (регистар на даватели на услуги платформи за споделување видеа),
- член 144-в (заштита на малолетници и чување на законитоста),
- член 144-г (мерки за заштита на малолетниците и јавноста),
- член 144-д (комерцијални комуникации) и
- член 144-ж (доставување податоци до Агенцијата)

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.

***Мерки во случај на повреда на прописите***

14. Мерките пропишани во член 23 став 1 алинеи 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата ги изрекува по следниот редослед:

- јавна опомена, доколку мерката се изрекува за прв пат во тековната година,
- ќе поведе прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавна опомена во тековната година не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат.

За констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во ова Упатство.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

(точка 13 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година)

15. Ова Упатство влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(точка 5 од Упатството, бр.01-6038/1 од 20.10.2015 година за дополнување
на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата)

16. Ова Упатство за дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата, бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(член 7 од Упатството бр.01-3976/1 од 27.10.2022 година за изменување и дополнување
на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка)

17. Ова Упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка од страна на Агенцијата, влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 1 јануари 2023 година, и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(член 15 од Упатството бр.01-4093/1 од 24.09.2025 година за изменување и дополнување
на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка)

18. Ова Упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**